**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ

**за натпреварување во Првата македонска фудбалска лига**

**за натпреварувачката 2026/2027 година**

**Скопје, јули 2026 година**

Врз основа на член 40, став 1, точка г) од Статутот на Фудбалската Федерација на Македонија и член 15 од Правилникот за натпреварување на Фудбалската Федерација на Македонија, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија, на седницата одржана на ден 09.07.2026 година, донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ПРВАТА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2026/2027 ГОДИНА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Статус и раководење со Прва МФЛ*

### *Член 1*

1. Натпреварувањето во Првата македонска фудбалска лига (во понатамошниот текст: Прва МФЛ) е постојано натпреварување на Фудбалската федерација на Македонија.
2. Со натпреварувањето во Првата македонска фудбалска лига раководи Комисијата за натпревари на Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

### *Состав на лигата*

### *Член 2*

1. Во натпреварувачката 2026/2027 година, Првата фудбалска лига брои 10 (десет) фудбалски клубови, подредени по пласман од претходната сезона, врз основа на решенијата за лиценцирање донесени од страна на Комисијата за лиценцирање на ФФМ.
2. Списокот со клубови-учесници се потврдува од органот кој го води натпреварувањето, врз основа на решенијата за лиценцирање на клубовите донесени од страна на Комисијата за лиценцирање, по што станува составен дел на овие пропозиции.

## СИСТЕМ И КАЛЕНДАР НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

### *Систем на натпреварување и траење на натпревар*

### *Член 3*

1. Натпреварите во Првата македонска фудбалска лига се играат по систем на 4 (четири) круга (циклуси), по принципот дома–гости, при што секој клуб одигрува по 2 (два) натпревари како домаќин и 2 (два) натпревари како гостин против секој друг клуб.
2. Во текот на натпреварувачката сезона, секој клуб одигрува вкупно 36 (триесет и шест) натпревари.
3. Првенствениот натпревар трае 2 x 45 минути, со пауза на полувремето од 15 (петнаесет) минути.
4. Главниот судија на натпреварот, согласно Правилата на фудбалска игра, може да врши надоместување на време.

***Календар и термини на натпреварите***

***Член 4***

1. Календарот за натпреварување, на предлог на органот кој раководи со натпреварувањето – Комисијата за натпревари на ФФМ, го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија 30 (триесет) дена пред отпочнување на есенскиот дел од првенството.
2. Органот кој го води натпреварувањето може да одложи одигрување на коло или натпревар, по барање на клуб или по свое видување, доколку за тоа постојат оправдани причини, притоа водејќи сметка за регуларноста и фер-плејот на натпреварувањето.
3. Сите одложени натпревари од есенскиот дел треба да се одиграат најдоцна до почетокот на пролетниот дел од сезоната.
4. Натпреварите кои, согласно календарот и распоредот, треба да се одиграат во последните 3 (три) кола од пролетниот дел на првенството, се играат во ист ден и почнуваат во исто време. Доколку, од технички или инфраструктурни причини, не постојат услови за примена на ВАР технологијата на сите натпревари кои се играат во исто време, Комисијата за натпревари одлучува на кои натпревари ќе се применува ВАР технологијата, водејќи сметка за значењето на натпреварите.
5. Исклучок од став (4) на овој член, се натпреварите кои немаат натпреварувачко значење.
6. Под натпревар без натпреварувачко значење, во смисла на одредбите од став (5) на овој член, се подразбираат ситуации кога од исходот на натпреварот не зависи промоција во натпреварувањата во организација на УЕФА, како и не влијае на опстанокот во лигата.
7. Комисијата за натпревари одлучува за натпреварите од став (5) и (6) од овој член.

***Виша сила и измени во календарот***

***Член 4а***

1. Доколку првенството е засегнато од последици на виша сила, Комисијата за натпревари може да прави измени во календарот на натпреварување, во насока на одржливост на натпреварувањето. Клуб може да побара одложување на натпревар од причини поврзани со виша сила, само доколку се утврди дека од вкупниот број на регистрирани фудбалери на клубот кои имаат право на настап за сениорската екипа, на натпреварот можат да настапат помалку од 11 (единаесет) фудбалери.
2. Доколку бројот на клубови кои во едно коло бараат одложување на натпревар, од причини наведени во став (1) на овој член, изнесува повеќе од 2 (два), Комисијата за натпревари може да го помести одигрувањето на колото за нареден прифатлив термин.
3. Одложените натпревари или одложеното коло во есенскиот дел од првенството, поради причини поврзани со виша сила, се одигруваат на прв нареден можен датум.
4. Одложените натпревари или одложеното коло во пролетниот дел од првенството, поради причини поврзани со виша сила, се одигруваат пред одигрување на наредното коло по распоред.

5. Натпреварите за кои било побарано одложување и биле одложени од причини поврзани со виша сила, во случај на прекин на натпреварувањето мора да се одиграат пред утврдување на завршната табела.
6. Доколку не постојат услови завршната табела да се утврди пред завршување на периодот на натпреварување (01.06.2027 година), одложените натпревари можат да се одиграат до крај на натпреварувачката сезона (14.06.2027 година), а во исклучителни околности, не подоцна од 30.06.2027 година.
7. На одложените натпревари кои се одигруваат по завршување на натпреварувачката сезона и почетокот на ЛПР, можат да настапат исклучиво фудбалерите кои правото на настап за клубот го имале стекнато пред почетокот на летниот преоден рок.
8. Одигрувањето на одложените натпревари по завршување на периодот на натпреварување може да има влијание на учеството на клубовите во европските клубски натпреварувања.
9. Исклучок од став (7) од овој член претставува поништување на првенството. Во услови на поништување на првенството, клубовите немаат обврска да ги одиграат одложените натпревари.

***Провизорен ждреб***

***Член 4б***

1. Одделението за натпреварување при Фудбалската федерација на Македонија, врз основа исклучиво на спортските критериуми утврдени од резултатите постигнати во претходната натпреварувачка сезона, како и врз основа на исходите од одиграните бараж-натпревари, изготвува провизорен ждреб, односно распоред за натпреварување за сезоната 2026/2027.
2. Во провизорниот ждреб од став 1 на овој член се вклучуваат екипите, рангирани согласно конечниот пласман во претходната натпреварувачка сезона во Прва МФЛ, и тоа од 1 до 7 место.
    - Местото под реден број 8 го зазема првиот победник од бараж-натпреварот помеѓу екипата од Првата МФЛ пласирана на осмо место и екипата од Втората МФЛ пласирана на трето место.
    - Местото под реден број 9 го зазема вториот победник од бараж-натпреварот помеѓу екипата од Првата МФЛ пласирана на деветто место и екипата од Втората МФЛ пласирана на второ место.
    - Местото под реден број 10 го зазема екипата која остварила директен пласман од Втората лига во Првата МФЛ.
3. Провизорниот ждреб, изготвен на начин утврден во овој член, по добивањето на конечните решенија за лиценцирање на клубовите од надлежната Комисија за лиценцирање, се доставува на потврдување до Комисијата за натпревари. По неговото потврдување, истиот стекнува својство на официјален распоред за натпреварување во сезоната 2026/2027.
4. Доколку некој од клубовите кои, врз основа на постигнат спортски резултат, стекнале право на учество во натпреварувањето за сезоната 2026/2027 и се вклучени во провизорниот ждреб, не ги исполнат условите утврдени во Правилникот за лиценцирање на клубови и, по тој

основ, не добијат лиценца за учество во Првата МФЛ, Комисијата за натпревари ќе донесе одлука за поништување на веќе изготвениот провизорен ждреб, односно распоред на натпреварување. По поништувањето, ќе се пристапи кон спроведување на нов ждреб, согласно одредбите од член 5 од овие Пропозиции.

***Ждреб и почеток на натпреварувањето***

***Член 5***

1. Во случај на настанување на околностите предвидени во член 4б, став 4 од овие Пропозиции, распоредот на натпреварите се утврдува по пат на ждрепка, која се спроведува пред почетокот на натпреварувањето.
2. Во ждреб влегуваат екипите на кои Комисијата за лиценцирање им издала лиценца за натпреварување во Прва МФЛ.
3. Натпреварувањето во Првата фудбалска лига, согласно календарот за натпреварување за натпреварувачка 2026/2027 година, започнува на 25.07.-26.07.2026 година.
4. Со Одлука на надлежно тело, почетокот на првенството може да се измени.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР

***Одговорност за организација на натпревар***

***Член 6***

1. За организација на натпревар во Прва МФЛ е одговорен клубот-домаќин.
2. Секој клуб-домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот, согласно Правилникот за безбедност на ФФМ и позитивните законски прописи во државата.
3. Клубот-домаќин има одговорност за штетата причинета на гостинската екипа или службените лица на натпреварот од страна на публиката и/или други службени или ангажирани лица од страна на клубот-домаќин.
4. За пропусти во организацијата, клубот-домаќин одговара согласно одредбите на овие пропозиции, Правилникот за натпревари, Дисциплинскиот правилник и Статутот на ФФМ.

***Постапување во услови на епидемија/пандемија***

***Член 6а***

1. Доколку надлежен државен орган утврди потреба од превенција и заштита од епидемија/пандемија, клубот-домаќин и клубот-гостин, пред, за време и по завршување на натпреварот, имаат обврска да се придржуваат на Протоколот за спроведување на мерки за заштита или друг Протокол со кој се предвидуваат мерки на заштита, издаден од страна на државен орган (во понатамошниот текст: Протокол од член 6а).

***Услови за стадион и терен***

***Член 7***

1. Клубот-домаќин во Прва МФЛ е должен да ги исполни неопходните услови предвидени во Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ, во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратните објекти, како и неопходните услови за имплементација на ВАР технологијата.
2. Комисијата за лиценцирање на ФФМ, најдоцна до закажаниот термин за ждреб, доставува до Комисијата за натпревари информација за тоа на кои терени клубовите кои добиле лиценца ќе ги одигруваат своите натпревари како домаќини.
3. Клубовите имаат обврска, пред почеток на натпреварувачката година - најдоцна до закажаниот термин за извлекување парови (ждреб) - да ја известат Комисијата за натпревари за користење алтернативен терен за одигрување на натпреварите.
4. Најмногу 2 (два) клуба од ист ранг на натпреварување можат да пријават ист терен како главен или ист терен како алтернативен.
5. Во случај на виша сила или изречена суспензија, клубот-домаќин може да побара одобрување од Комисијата за натпревари на ФФМ за одигрување на првенствен натпревар како домаќин на трет терен, кој мора да биде различен од теренот кој е пријавен од противникот како главен/домашен или алтернативен.
6. По исклучок, теренот на противникот може да се користи за организирање на натпревар како домаќин, доколку исходот од натпреварот не влијае на распоредот на табелата и натпреварувањето, за што конечна одлука носи органот кој го раководи натпреварувањето.

***Основни обврски на клубот-домаќин***

***Член 8***

1. Клубот-домаќин е обврзан:
   - да го пријави натпреварот навремено кај надлежниот орган за безбедност (МВР) и итната медицинска помош;
   - на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош со лекарска екипа (најмалку 1 (еден) лекар и медицински техничар);
   - да обезбеди присуство на противпожарно возило (за натпревари прогласени за високо ризични);
   - да обезбеди услови за пренос на натпреварот од страна на лицата определени од ФФМ;
   - да обезбеди почитување на мерките утврдени во Протоколот од член 6а од овие Пропозиции;
   - на натпреварите во Прва МФЛ да се игра со официјалната топка на ФФМ;
   - да обезбеди осигурување на публика од осигурителна компанија;
   - да го истакне државното знаме на видно и достоинствено место на стадионот или фудбалскиот терен. Знамињата на заедниците може да се истакнат во согласност со Законот за употреба на знамињата на заедниците;

- да обезбеди присуство на најмалку 4 (четири) лица со медицински носила;
- да обезбеди најмалку 6 (шест) деца за враќање топки;
- да обезбеди најмалку 8 (осум) позиции обележани со чуњеви со поставена фудбалска топка;
- да обезбеди лице одговорно за ВАР;
- да обезбеди редарска служба/агенција за обезбедување;
- да назначи комесар за безбедност или заменик кој ќе присуствува на натпреварот;
- да обезбеди служба за јавно информирање на деталите од натпреварот (разглас).

2. При обезбедување на редарска служба како и при исполнување на другите обврски кои произлегуваат од оваа одредба, клубот-домаќин има обврска да се придржува до Протоколот од член 6а.
3. Возилото за итна медицинска помош, наведено во став 1, алинеа 2, треба да биде пристигнато најмалку 60 (шеесет) минути пред закажаниот почеток на натпреварот.
4. Лицето одговорно за ВАР, назначено од клубот-домаќин, заедно со техничките екипи задолжени за имплементирање и инсталирање на ВАР технологијата на стадионот, е должно најмалку 3 (три) часа пред почетокот на натпреварот да овозможи непречен пристап и логистичка поддршка на техничките екипи.
5. Во случај клубот-домаќин да не постапил согласно став 1, алинеи 1-8, од овој член (доколку обврската е утврдена), натпреварот нема да се одигра и истиот ќе биде презакажан да се одигра во рок од 24 (дваесет и четири) часа. Трошоците за службените лица, како и трошоците за превоз и храна на гостинската екипа (за што гостинската екипа приложува фактура) на презакажаниот натпревар ги сноси клубот-домаќин.
6. Во случај клубот-домаќин да не постапи согласно став 1, алинеи 1-8, и на повторно закажаниот натпревар како и во последните три кола од натпреварувачката година, натпреварот нема да се презакажува и истиот ќе се регистрира со службен резултат во корист на гостинската екипа.

***Усогласување со протоколи за заштита***

***Член 8а***

1. Активностите кои клубот-домаќин има обврска да ги преземе согласно членовите 9, 10, 11 и 12 од овие Пропозиции, треба да ги усогласени и спроведени согласно мерките за заштита предвидени во од член 6а од овие Пропозиции.

***Обврски поврзани со ВАР технологија***

***Член 8б***

1. На натпреварите на кои се користи ВАР технологија, клубот-домаќин е должен да обезбеди: соодветен пристап и паркинг за репортажно возило, техничка просторија со соодветно напојување и ладење, простор за мобилна станица за преглед на снимка на терен (RRA) со 24-инчен резервен монитор, платформи за камери, резервен агрегат за струја, соодветни електрични и мрежни приклучоци, како и други пропишани инфраструктурни и технички

услови потребни за непречена примена на ВАР технологијата, во согласност со FIFA IAAP, кои за времетраење на натпреварот мора да бидат чувани со физичко обезбедување (редарска служба) од страна на клубот домаќин и до кој ќе се обезбеди исклучиво ограничен пристап.

2. Доколку натпреварот се игра со примена на ВАР технологија, клубот-домаќин е должен да обезбеди најмалку едно стручно техничко лице (пр: електроинженер, ИТ инженер, мрежен инженер итн.) кое ќе биде присутно и ќе овозможи стручна и логистичка поддршка на надворешните технички екипи кои се должни да ја инсталираат ТВ и ВАР опремата на стадионот, најмалку 3 (три) часа пред отпочнување на натпреварот, како и на службените лица при вршењето на нивната должност.

3. Стручното техничко лице од клубот домаќин за времетраењето на натпреварот задолжително е позиционирано веднаш до мобилната станица за преглед на снимка на терен (RRA).

***Организациски активности на домаќинот***

***Член 9***

1. Клубот-домаќин како организатор на натпреварот, е должен да ги преземе следните активности:

    - да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории;
    - да ги обезбеди возилата и личните работи на гостите и службените лица - во случај на било какво оштетување, штетата мора да ја надомести клубот домаќин, во спротивно клубот се предава во постапка пред надлежниот дисциплински орган;
    - да се погрижи за хигиената во сите службени простории;
    - да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат неопходно загреани, а при високи температури да бидат неопходно оладени;
    - да обезбеди официјалните најави и известувања преку разгласот на стадионот/фудбалскиот терен задолжително да се вршат на македонски јазик. Официјалниот спикер, во согласност со Законот за употреба на јазиците, може најавите и известувањата дополнително да ги врши и на јазик на заедниците;
    - во санитарните чворови во службените простории да обезбеди топла и ладна вода;
    - да обезбеди статични или преносни тоалети за публика;
    - да обезбеди службен снимател на натпреварот, доколку е потребно;
    - да обезбеди разглас и најавувач;
    - на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот да му достави доказ дека натпреварот е навремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР);
    - на делегатот на натпреварот најмалку 60 (шеесет) минути пред почеток на натпреварот да му презентира присуство на лекарска екипа и возило за итна медицинска помош;
    - на делегатот на натпреварот да му ја презентира осигурителната полиса за публика;

- да обезбеди најмалку 8 (осум) топки за одигрување на натпреварот (официјална топка на ФФМ);
- да обезбеди најмалку 8 (осум) портокалови топки за одигрување на натпревар во зимски услови;
- да изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски услови;
- да обезбеди деца за враќање топки;
- да обезбеди КОМЕТ администратор;
- да му обезбеди на контролорот на натпреварот место за седење на трибина.

2. Да ги исполни минимум потребните критериуми и барања утврдени во Програмата на ФИФА за имплементација, поддршка и одобрување (FIFA Implementation, Assistance and Approval Program - IAAP), кои претставуваат составен дел од овие пропозиции.
3. Доколку се пропишани изјави за одговорност, претставниците на двата клуба ги доставуваат изјавите за одговорност на сите фудбалери од листата до органот кој го води натпреварувањето пред почеток на првенството.

***Службени простории – пристап***

***Член 10***

1. Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:
    - сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот;
    - судиите;
    - делегатот;
    - комесар за безбедност на ФФМ;
    - контролор;
    - КОМЕТ администратор;
    - ополномоштени претставници на двата клуба;
    - лекари на двете екипи заведени во записникот;
    - физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот;
    - шефови на стручни штабови на двете екипи;
    - тренери на двете екипи заведени во записникот;
    - тренери на голманите од двете екипи заведени во записникот;
    - економите на двете екипи;
    - претставници на МВР;
    - членови на противпожарна екипа (за натпревари од висок ризик, кои треба да бидат во своето возило во текот на одигрување на натпреварот);

- најмалку 2 (две) технички лица (кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност, за што мора да се извести и даде дозвола делегатот на натпреварот);
- комесар за безбедност на клубовите, по процена на делегатот;
- најмногу до 4 (четири) претставници од ФФМ со специјална пропусница.

2. Освен за фудбалерите и судиите, клубот-домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица, кои задолжително треба да ги носат на себе.

***Оградена зона – пристап***

***Член 11***

1. Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:
   - фудбалерите кои настапуваат;
   - резервни фудбалери;
   - службените лица заведени во записникот од натпреварот;
   - фоторепортери со ознаки;
   - деца за враќање топки, еднообразно облечени во дресови, тренерки и/или маркери;
   - лица задолжени за медицински носилки;
   - спикер за разгласот;
   - претставници на МВР и лекарска екипа со кола за итна медицинска помош (од јавна или приватна здравствена организација);
   - економи (за време на натпреварот мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните).

***Техничка опрема за натпревар***

***Член 12***

1. Клубот-домаќин задолжително обезбедува:
   - најмалку 2 (две) табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време, од која најмалку 1 (една) електронска;
   - 2 (две) знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри, со жолта или портокалова боја;
   - чуњеви на 8 (осум) позиции со 8 (осум) фудбалски топки;
   - на повеќе места покрај надолжната линија, вода за освежување на фудбалерите.

**ЗАПИСНИК**

***Записник од натпревар***

***Член 13***

1. Записникот е службен документ за натпреварот.

2. Клубот-домаќин има обврска да има на располагање формулар за рачно подготвување на записник, одобрен од Управниот одбор на ФФМ.
3. Записникот се составува во присуство на делегатот на натпреварот, претставници на двата клуба и судиите.
4. Клубот-домаќин и клубот-гостин, секој за својата екипа, имаат обврска да го внесат составот на екипата и стручниот штаб во КОМЕТ системот не подоцна од 90 (деведесет) минути пред почеток на натпреварот, потребата од измена во составот на екипите по наведениот рок се пријавува кај главниот судија и се спроведува во КОМЕТ од страна на четвртиот судија или делегатот на натпреварот, во случај на спреченост.
5. На записник се внесуваат до/и 22 (дваесет и два) фудбалери по екипа.
6. Во записникот, со потпис на делегатот и со потпис на двата претставници на клубовите, пред почеток на натпреварот се потврдува идентитетот на фудбалерите, се констатира лекарскиот преглед и дозволата за работа на тренерите во двата клуба.
7. Идентитетот на фудбалерите, лекарскиот преглед на фудбалерите и дозволата за работа на тренерите се утврдува преку профилот на фудбалерот/тренерот во КОМЕТ системот.
8. За утврдување на идентитетот потребен е и документ за лична идентификација.
9. Кога од оправдани причини пристапот до КОМЕТ системот е ограничен или недостапен 90 (деведесет) минути пред, за време, и 15 (петнаесет) минути по завршување на натпреварот, идентитетот на фудбалерите, лекарскиот преглед на фудбалерите и тренерските лиценци, по барање на клуб, а заради утврдување на фактичка состојба: спортската легитимација и/или лекарскиот преглед и/или тренерски лиценци и/или друга документација, во зависност од потребата, треба да бидат доставени во рок од 24 (дваесет и четири) часа по завршување на натпреварот до органот кој го води натпреварувањето, за понатамошно постапување.
10. Фудбалерите без важечки лекарски преглед не се внесуваат во составот на екипите на записник; внес на фудбалер без важечки лекарски преглед во состав на записник претставува основ за изрекување на автоматска казна.
11. Се додека записникот не го потпишат двата претставника на клубовите и делегатот, натпреварот не смее да започне.
12. Во записникот од натпреварот се внесува донесената одлука на судијата за утврдена неподобност на теренот за игра.
13. По завршување на натпреварот, судијата со потпис го потврдува резултатот, заменетите фудбалери, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери.
14. Делегатот, во делегатскиот извештај, дава осврт на организацијата и случувањата пред, за време и по завршување на натпреварот.
15. Записникот се заклучува во КОМЕТ системот од страна на главниот судија веднаш по завршување на натпреварот.
16. За секое исклучување на натпреварот, судијата има обврска по завршување на натпреварот да даде дополнителна изјава со опис на исклучувањето, но не подоцна од 24 (дваесет и четири) часа по завршување на натпреварот.

17. Доколку записникот, од оправдани причини, не може да се генерира од КОМЕТ системот, составот на екипите и другите податоци во записникот се внесуваат електронски или рачно од страна на КОМЕТ администраторот на клубот-домаќин, и истиот, потпишан од делегатот, двата претставници на клубовите и главниот судија, по завршување на натпреварот, се предава на делегатот на натпреварот. Податоците од записникот кој не е генериран во КОМЕТ ги внесува администраторот на Комисијата за натпревари на ФФМ, а воедно и го заклучува записникот.

**СЛУЖБЕНИ ЛИЦА**

***Претставник на клуб***

***Член 14***

1. Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.
2. Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на делегатот на натпреварот пред почеток на натпреварот.
3. Претставникот на клубот:
   - учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите;
   - во случај на потреба на измена на внесениот состав пред натпревар, претставникот на клубот ја пријавува потребата од измена на главниот судија и делегатот;
   - на делегатот му доставува писмена/изјави и/или друга документација согласно Протоколот од член 6а;
   - по составувањето на записникот со свој потпис ги гарантира податоците за својата екипа и одговара за евентуални пропусти;
   - извршува и други обврски зададени од делегатот во насока на непречено одигрување на натпреварот.
4. Претставникот на клубот или друго службено лице на клубот го внесува составот на екипата и стручниот штаб во КОМЕТ системот најдоцна 90 (деведесет) минути пред почеток на натпреварот.

***Судии и ВАР систем***

***Член 15***

1. Натпреварот не може да започне без потребниот број на судии, утврден од Судискиот одбор на ФФМ во согласност со Правилата на фудбалска игра и тоа: еден главен судија, двајца помошни судии и четврт судија, еден лиценциран ВАР судија и еден лиценциран АВАР судија.
2. Главниот и четвртиот судија треба да имаат ВАР лиценца за судење на натпревари на терен.
3. При носење судиски одлуки во спорни ситуации, согласно ВАР протоколот, главниот судија ќе се служи со ВАР технологијата.
4. Во случај на појава на технички проблеми кои оневозможуваат функционирање на ВАР системот пред почетокот на натпреварот, натпреварот ќе започне без употреба на ВАР

технологијата, за што претставниците на клубовите ќе бидат известени преку службените лица на натпреварот.

5. Доколку за време на натпреварот, поради технички причини, дојде до прекин во функционирањето на ВАР системот, натпреварот ќе продолжи без употреба на ВАР за преостанатиот дел од натпреварот, за што претставниците на клубовите ќе бидат известени преку службените лица на натпреварот.

***Делегирање на судии и контролори***

***Член 16***

1. Судиите и контролорите се одредуваат од страна на Судискиот одбор на ФФМ преку овластени лица (комесари) за делегирање на судии, односно контролори.
2. Судиите својата должност ја извршуваат согласно Правилата на фудбалската игра, Правилникот за судии и судење на ФФМ и ВАР Протоколот.
3. Во вршењето на судиската и контролорска должност, судиите и контролорите имаат обврска да ги почитуваат мерките уредени со Протоколот од член 6а.

***Стручен штаб и лиценци***

***Член 17***

1. Стручниот штаб на екипата е составен од шеф на стручен штаб, двајца помошни тренери, тренер на голмани, кондиционен тренер, лекар и физиотерапевт.
2. Клубот има обврска да достави барање до Комисијата за медицина и анти-допинг на ФФМ за издавање дозвола за работа (лиценца) за лекарот и физиотерапевтот за тековната сезона и навремено да ги внесе во КОМЕТ и да побара истите да бидат потврдени во КОМЕТ системот.
3. Клубот има обврска, за потребите на екипата, да го обезбеди присуството на клупскиот лекар на натпреварите кои ги организира како домаќин и на натпреварите на кои гостува.
4. За водење на сениорската екипа на клубот во Прва лига, клубот обезбедува дозвола за работа за шефот на стручниот штаб од Тренерскиот одбор на ФФМ (дозвола/лиценца за работа во клубот).
5. Дозволата за работа се добива за предметната натпреварувачка година.
6. Шеф на стручен штаб може да биде само тренер кој има тренерска квалификација - ПРО лиценца.
7. Во случаи на отсуство/спреченост на шефот на стручниот штаб во период до 15 (петнаесет) дена, екипата може привремено да ја води помошникот тренер.
8. За отсуство на шефот на стручниот штаб подолго од 15 (петнаесет) дена, или во околности кога договорот е раскинат или истечен, клубот назначува и склучува договор за привремено вршење на функцијата шеф на стручен штаб – вкупно до 30 (триесет) дена, или назначува и склучува перманентен договор за вршење на функцијата шеф на стручен штаб, кој треба да трае најмалку до крајот на натпреварувачката година.

9. Информацијата за промена на шефот на стручниот штаб и начинот на извршување на функцијата шеф на стручен штаб се доставува до Тренерскиот одбор на ФФМ на понатамошно постапување.
10. Напатствија на фудбалерите за време на натпреварот, од место однапред определено за таа цел, може да дава само шефот на стручниот штаб.
11. За времетраење на натпреварот, само 1 (едно) лице од клупата за резервни фудбалери има право да го прати натпреварот во стоечка положба.
12. Однесувањето на стручниот штаб и на другите службени лица на клубот, пред, за време и по натпреварот, спротивно на Правилата на фудбалска игра, овие Пропозиции и актите на ФФМ се санкционира од страна на судијата на натпреварот со јавна опомена или исклучување.
13. Клубот-домаќин и клубот-гостин имаат обврска да обезбедат соодветни ознаки за сите членови на стручниот штаб, економот и претставникот; ознаките задолжително треба да содржат: назив на клуб, фотографија, име и презиме, функција, и треба да ги носат на себе за времетраење на натпреварот.
14. Информациите кои ознаките треба да ги содржат се пополнуваат на македонски јазик, односно согласно Законот за употреба на јазиците.

***Делегат на натпревар***

***Член 18***

1. Делегат на натпревар е претставник на органот кој раководи со натпреварувањето на предметниот натпревар.
2. Делегатот го одредува Комисијата за натпревари на ФФМ, односно претседавачот на Комисијата за натпревари на ФФМ.
3. Делегатот на натпреварот мора да пристигне 1 (еден) час и 30 (триесет) минути пред да започне натпреварот.
4. Делегатот, комесарите за безбедност (ако е присутен и гостинскиот), комесарот за безбедност на ФФМ (доколку натпреварот е прогласен за натпревар од висок ризик), четвртиот судија и двајцата претставници на клубовите одржуваат технички состанок најдоцна 1 (еден) час пред почетокот на натпреварот.

***Протокол за службени лица***

***Член 18а***

1. Службените лица, наведени во овие Пропозиции, своите права и должности ќе ги извршуваат, согласно Протоколот за заштита од член 6а од овие Пропозиции.

***Права и обврски на делегат***

***Член 19***

1. Делегатот ги има следните права и обврски:
   - да утврди дали натпреварот е навремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР), како и да утврди дали е присутна лекарска екипа и возило за итна медицинска

помош, како и противпожарно возило ако натпреварот е прогласен за натпревар од висок ризик;

- да утврди дали публиката е осигурана;
- да воспостави контакт со Комесарот за безбедност на клубот-домаќин и со одговорното лице на МВР, како и со Комесарот за безбедност на ФФМ (доколку натпреварот е прогласен за натпревар од висок ризик);
- пред натпреварот да изврши преглед на игралиштето и оградата на игралиштето и, доколку забележи евентуални недостатоци, да направи обид домаќинот да ги отстрани до почетокот на натпреварот, во спротивно истите да ги евидентира во делегатскиот извештај и да го извести клубот-домаќин, Комисијата за натпревари и Комисијата за инфраструктура на ФФМ за укажаното отстранување на недостатоците;
- пред натпреварот да изврши преглед на просториите, да утврди дали службените простории се чисти, дали има топла и ладна вода, дали просториите се затоплени или оладени (кога е применливо), дали има електрично осветлување;
- доколку домаќинот најави дека ќе бара проценување на евентуална направена штета, делегатот во присуство на двајцата претставници има обврска да ја констатира состојбата на трибината каде ќе бидат сместени навивачите (столчиња и друга опрема), пред и по натпреварот и за тоа да се произнесе и детално опише во делегатскиот извештај;
- по барање на клубот-домаќин, делегатот има обврска да ја констатира состојбата на соблекувалните пред и по натпреварот во присуство на двајцата претставници и за тоа да се произнесе во делегатскиот извештај; доколку со Протокол има предвидени посебни околности за влез во соблекувална, делегатот внимава на нивно спроведување;
- да не дозволи отпочнување на натпреварот доколку има неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот и да бара нивно отстранување пред, за време и по завршување на натпреварот;
- да укаже дека фудбалерите без важечки лекарски преглед не може да се внесат во записник;
- по барање на претставник на клуб или по сопствен наод, должен е во нивно и во присуство на судиите, на теренот пред отпочнувањето на натпреварот, за време на одигрување на натпреварот и најдоцна 15 (петнаесет) минути по завршување на натпреварот да изврши поединечна проверка на идентитетот на фудбалерите преку фотографирање на предметните фудбалери и нивна проверка во КОМЕТ системот; неможноста да се обезбеди присуство на претставникот на екипата при проверка на идентитетот на некој фудбалер не влијае на чинот на проверката;
- да утврди дали тренерите, лекарите и физиотерапевтите имаат соодветна лиценца издадена од страна на ФФМ;
- да ја утврди присутноста на делегираните службени лица на натпреварот, по потреба истите да се легитимираат;
- да им даде по 1 (еден) примерок од записникот со составите на екипите на главниот судија, претставниците на екипите и новинарите;

- да следи дали организацијата на натпреварот во целиот тек на натпреварот се одвива согласно Протоколот, Правилникот за натпревари, овие Пропозиции и Правилникот за безбедност на ФФМ;
- за присуството на неслужбени лица во службените простории, ходниците и оградениот дел од теренот пред, за време и по завршување на натпреварот да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ;
- по барање на претставниците за евентуален неправилен настап на некој фудбалер да го наведе тоа во делегатскиот извештај;
- во случај на некоректно навивање од страна на навивачите (доколку присуството на навивачи не е забрането со Протокол или одлука) да интервенира кај претставникот на екипата или комесарот за безбедност на домашната екипа, таквото навивање да престане; доколку се продолжи со неспортско навивање и процени дека е потребно, може да побара од главниот судија за определен временски период (имајќи го во предвид времетраењето на натпреварот) да го запре натпреварот и да побара од претставниците на МВР и домаќинот да се испразни дел од трибината; во повторен потежок случај може да побара од главниот судија да го прекине натпреварот;
- доколку клубот не пријави шеф на стручен штаб на записник, делегатот има обврска за истото да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ за понатамошно постапување;
- по завршување на натпреварот делегатот, има обврска да земе изјава од исклучените, пријавени фудбалери или било кое службено лице, како и од главниот судија со опис на исклучувањето и истите да ги достави до надлежните органи на ФФМ заедно со записникот од натпреварот;
- по завршувањето на натпреварот се произнесува за организацијата на натпреварот и евентуални проблеми во делегатскиот извештај и во рок од 24 (дваесет и четири) часа од завршување на натпреварот ги доставува до надлежните органи на ФФМ;
- да информира доколку забележи неприменување на правилата за опрема од член 21, 21а и 21б од овие Пропозиции.

## ПРАВО НА НАСТАП И ЛЕКАРСКИ ПРЕГЛЕД

### *Право на настап*

### *Член 20*

1. На првенствените натпревари право на настап имаат фудбалери кои стекнале право на настап според Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, а на денот на натпреварот не се помлади од 17 (седумнаесет) години.
2. Со право на настап се стекнуваат и фудбалерите кои на денот на натпреварот наполниле 16 (шестнаесет) години и имаат специјален лекарски преглед.
3. Согласно Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, клубовите во Прва МФЛ имаат обврска да склучат професионални договори со најмалку 15 (петнаесет) фудбалери.

4. Фудбалер без важечки лекарски или специјален лекарски преглед нема право на настап.
5. Клубовите имаат обврска да ги чуваат потврдите за извршен лекарски преглед на фудбалерите од својата екипа.
6. Потврдата за извршен лекарски преглед задолжително се внесува во КОМЕТ пред почеток на првенството и по истек на важноста; исклучок при внес се прави за фудбалерите кои влегле на листа во периодот од почеток на првенството до крајот на предметниот преоден рок - потврдите за овие фудбалери се внесуваат по извршената регистрација.
7. Лекарскиот преглед може да се завери и во спортската легитимација.

***Ограничувања поради здравствени причини***

***Член 20а***

1. За времетраењето на епидемија/пандемијата, фудбалерите кои го стекнале правото на настап согласно став (1) и (2) на член 20 од овие Пропозиции, може да им се ограничи правото на настап и истите не можат да настапуваат доколку им се детектира присуство на предизвикувачот со тест пропишан од здравствените власти, или биле во контакт со заболено лице, или им е изречена мерка за самоизолација или друга мерка во согласност со Протоколот од член 6а.
2. Фудбалерите од претходниот став (1) добиваат третман на повредени фудбалери, а натпреварот може да се одложи согласно член 4 од овие Пропозиции.
3. Фудбалерите наведени во став (1) немаат право на настап до завршување на пропишаниот период на изолација согласно тековните напатствија, препораки, уредби или други позитивни прописи на надлежен државен орган.
4. Органот кој го води натпреварувањето или Генералниот секретар тековно ќе ги известува клубовите за промените кои влијаат на ограничување и повторно стекнување на ограниченото право на настап поради прогласена епидемија/пандемија.

***Обврска за настап на млади играчи***

***Член 20б***

1. Сите клубови учесници во Првата лига, натпреварот мора да го започнат и завршат со 1 (еден) домашен фудбалер, кој нема навршено 21 година.
2. За екипата која од причини поврзани со Ковид или друг предизвикувач остане со 11 (единаесет) фудбалери кои можат да настапат, став (1) не е задолжителен.
3. Во натпреварувачката сезона 2026/2027 година, право на настап како фудбалери до 21 година, во смисла на Пропозициите на натпреварување во Прва МФЛ, имаат сите фудбалери родени на 01.01.2005 година и подоцна.
4. Фудбалерите од став (3) на овој член имаат право на настап како фудбалери под 21 година за времетраење на целата натпреварувачка година.
5. Клубот нема обврска натпреварот да го заврши со пропишаниот број на фудбалери кои немаат навршено 21 година, доколку се искористени сите можности за измена или доколку фудбалерот под 21 година е исклучен.

6. Доколку фудбалерот од став (1) е повреден треба да биде заменет со фудбалер до 21 година. Во случај и тој фудбалер да се повреди, клубот нема обврска натпреварот да го заврши со фудбалер кој нема навршено 21 година.
7. Домашниот фудбалер од став (1), кој согласно правилата на ФИФА има право на настап и за странска репрезентација (на официјален и/или неофицијален натпревар), доколку пред или за времетраењето на првенството биде повикан и одбере да настапува за странската репрезентација, го губи статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година, до настап за селекција на ФФМ, кога повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
8. Доколку фудбалер бил повикан и одбрал да настапува на официјален натпревар за странска репрезентација во некоја претходна сезона, со настап за селекција на ФФМ (на официјален и/или неофицијален натпревар со странска репрезентација) повторно го стекнува статусот на фудбалер кој нема навршено 21 година.
9. Во записникот од натпреварите на Првата лига можат да бидат запишани најмногу 8 (осум) странски фудбалери. Дополнително може да се додадат 2 (два) фудбалери од иницијативата „Отворен Балкан“ кои не се евидентираат како странци (важи за играчи од: Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Албанија).
10. Возраста на странските фудбалери не влијае на исполнување на обврската за настап на млади фудбалери наведена во став (1) на овој член.
11. Во временски период од 48 (четириесет и осум) часа, фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња, од кои најмногу 2 (две) полувремиња за период од 24 (дваесет и четири) часа.

***Листи на играчи***

***Член 20в***

1. Во постапката за лиценцирање за Прва МФЛ, клубовите пријавуваат листи на фудбалери кои ќе имаат право за настап за првиот тим:
   - А листа: до 25 (дваесет и пет) фудбалери сениори (професионални фудбалери и фудбалери аматери)
   - Б листа: до 10 (десет) фудбалери кои на 01.01.2026 година немале наполнето 21 година и кои исполнуваат услови за настап во прв тим.
2. Листите на фудбалери може да се изменат и/или дополнат заклучно со завршување на летниот преоден рок (листите мора да бидат дефинирани со завршувањето на летниот преоден рок кој завршува на 06.09.2026) и зимскиот преоден рок (листите мора да бидат дефинирани со завршувањето на зимскиот преоден рок кој завршува на 11.02.2027), по што стануваат конечни. Пречистените и конечните листи на фудбалери за првиот тим се прикачуваат во КОМЕТ системот и се доставуваат до Одделението за лиценцирање и Комисијата за натпревари на ФФМ.

***Спортска опрема***

***Член 21***

1. Секој клуб пред почеток на натпреварувањето мора да го извести органот кој го води натпреварувањето за боите на клубот.
2. Боите на спортската опрема 2 (две) со кои ќе настапува клубот се внесува во КОМЕТ системот од страна на клубот. Бојата на опремата треба да биде: едната комбинација во светла, а другата во темна боја.
3. Во текот на периодот на натпреварување не може да се направи промена на боите на клубот.
4. Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99, со тоа што со број 1 може да настапи само голман.
5. Спортската опрема за натпревар на екипите и судиите мора да се со различна боја.
6. Во случај екипите да излезат со иста боја на опрема или дел од опрема (дресови, шорцеви, штуцни) гостинскиот тим е должен да ја промени опремата која има иста боја.

***Нумерација и ознаки на опрема***

***Член 21а***

1. Бојата на броевите на грбот на дресот и предната страна на шорцевите треба да бидат во јасен контраст со основната боја на дресот/шорцот.
2. Броевите на грбот на дресот треба да бидат во висина од 25-35 см со ширина на линија на една цифра од 2-5 см.
3. Броевите на предната страна на шорцевите треба да бидат во висина од 10-15 см.
4. Името, односно презимето на играчот, се аплицира над бројот кој стои на грбот на дресот и може да биде со максимална висина од 7,5 см.

***Рекламирање на опрема***

***Член 21б***

1. На дресовите може да се рекламираат најмногу 3 (три) спонзори на клубот.
2. Рекламата може да се постави на:
   - грбот на дресот, под бројот, со вкупна зафатнина од најмногу 150 см2;
   - на предната страна на дресот (градите), со вкупна зафатнина од најмногу 200 см2;
   - на левиот ракав, со вкупна зафатнина од најмногу 100 см2.
3. Рекламата за 1 (еден) спонзор може да зафаќа само 1 (еден) простор наведен во став (2) на овој член.

*Замени на играчи*

*Член 22*

1. Во натпреварувачката сезона 2026/2027, согласно правилата на игра на ИФАБ (IFAB), секоја екипа има право на замена на 5 (пет) наместо на 3 (три) фудбалери и најмногу 1 (една) замена за потрес на мозок.
2. Замените на фудбалерите за време на натпреварот може да се вршат во најмногу 3 (три) наврати за секоја екипа. Замената направена на полувреме и замената за потрес не влегува во споменатите 3 (три) наврати.
3. Кога ќе се искористи замена за потрес на мозок, противничката екипа добива можност да изврши дополнителна замена од било која причина.

## ТЕХНИЧКИ И МЕДИУМСКИ УСЛОВИ

*Одигрување под осветлување*

*Член 23*

1. Првенствените натпревари се играат како дневни или ноќни.
2. Во случај клубот-домаќин да побара натпреварот да се игра под осветлување, должен е да го извести органот за натпреварување кој што треба да одлучи дали ќе даде согласност за одигрување на натпреварот под осветлување.
3. Доколку натпреварот се игра под осветлување, а клубот-гостин изрази желба да тренира под осветлување, клубот-домаќин има обврска на гостинската екипа да и обезбеди 1 (еден) тренинг под осветлување, а трошоците за осветлувањето и тренингот на теренот ги сноси клубот-домаќин.

*Снимање и ТВ пренос*

*Член 24*

1. По барање на гостинскиот клуб да го снима натпреварот, клубот-домаќин има обврска да обезбеди прегледно и безбедно место за гостинскиот снимател.
2. Снимателот од став (1) на овој член има третман на службено лице.
3. За натпреварите кои се пренесуваат на ТВ платформата на ФФМ и/или на друг медиум во организација или со согласност на ФФМ, клубот-домаќин, за потребите на реализаторот на преносот, а во согласност со Протоколот од член 6а, за безбеден и квалитетен пренос на натпреварот, има обврска да обезбеди:

- 1 (една) централна платформа за главна камера која треба да ги исполнува следните услови:
    - да биде подигната на најмалку 6 (шест) метри во висина;
    - да има димензии од најмалку 2 x 4 метри;
    - да има безбедносна ограда во висина од 1 (еден) метар;

- да има заштита од временски влијанија (сонце, дожд, ветер) од горната и задната страна;
- пристапот до платформата да биде преку скали;
- да биде оддалечена од аут линијата најмалку 5 (пет) метри.

- 2 (две) платформи во линија на 16 (шестнаесет) метри, по една од двета страни на централната платформа, кои треба да ги исполнуваат следните услови:
  - да бидат подигнати на најмалку 6 (шест) метри во висина;
  - да има димензии од најмалку 2 x 2 метри;
  - да има безбедносна ограда во висина од 1 (еден) метар;
  - да има заштита од временски влијанија (сонце, дожд, ветер) од горната и задната страна;
  - пристапот до платформата да биде преку скали;
  - да биде оддалечена од аут линијата најмалку 5 (пет) метри.
- простор за поставување на камери зад головите, оддалечени од гол линија најмалку 3 (три) метри, а пожелно да бидат поставени платформи во висина од најмалку 2 (два) метри со димензија 2 x 2 метри;
- непрекинато снабдување со електрична енергија и по најмалку 1 (еден) шуко приклучок од 220 волти по платформа;
- несметано движење на сите овластени лица кои го реализираат преносот;
- несметано развлекување на кабли;
- паркинг места за овластените лица кои го реализираат преносот;
- простор за репортажна кола со обезбеден индустриски приклучок на струја од 32А (трофазен индустриски струен приклучок - потополен женски ТЕП);
- резервен струен агрегат со јачина од 15 kW;
- простор за коментатори со маса и 2 (две) столици;
- простор за реализација на прилог на коментаторот со гостите пред, за време и по натпреварот (микс-зона);
- дел од стадионот за потребите на импровизирано студио пред, за време и по натпреварот;
- да го промовира логото на реализаторот како медиумски спонзор на „прес-банер/зид“ и во микс зоната.

***Медиумски обврски на клубовите***

***Член 24а***

1. Клубовите учесници во Прва МФЛ, за потребите на реализаторот во врска со евентуална реализација на пренос на натпревар на кој се појавуваат како домаќини или гости, имаат обврска да обезбедат:

- во период од 5 (пет) минути по завршување на натпреварот, изјава на тренерот и најмалку 1 (еден) фудбалер (по избор на реализаторот на преносот);
- достапност на стручниот штаб на терен и во микс-зоната непосредно пред почнување и по завршување на натпреварот;
- достапност на фудбалерите во микс-зоната непосредно по завршување на натпреварот;
- достапност на фудбалерите и стручните штабови за учество во емисии, вести и прилози кои ги најавуваат натпреварите и се врши анализа на натпреварите;
- за промотивни цели на натпреварите од Прва МФЛ и учество во промотивни активности, како што се: снимање најави, интервјуа, фотографирање, медиумски појавувања во различни програми на ТВ канали и сл., да ги стават на располагање стручниот штаб и целата екипа (поединечно или заедно).

## ДИСЦИПЛИНА И БЕЗБЕДНОСТ

***Постапување по исклучување***

***Член 25***

1. Секој исклучен фудбалер или службено лице е должно, по завршувањето на натпреварот, преку својот претставник на делегатот задолжително да му достави писмена изјава на македонски јазик.
2. Покрај писмената изјава од ставот (1) на овој член, исклучениот фудбалер или службено лице може да достави и дополнителна писмена изјава на еден од јазиците што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на Република Северна Македонија, согласно закон, односно на англиски јазик, доколку станува збор за странски фудбалер или службено лице.
3. Во случај претставникот да е исклучен, писмените изјави ги доставува капитенот на екипата.
4. Во случај на постапување спротивно од пропишаното во став (1) и (2) од овој член, ќе се смета дека исклучените лица се сослушани.
5. Непостапувањето по став (1) и (2) на овој член ќе се земе како отежителна околност при изрекувањето на казна.
6. Исклучен фудбалер или службено лице (согласно член 40 од овие пропозиции), и лице кое не е внесено во записникот, а е функционер на клубот, не смее да се наоѓа во оградениот дел од теренот.
7. Присуството на лицата од претходниот став во оградениот дел од теренот ќе се смета за присуство на неслужбено лице на терен.

***Безбедност по натпревар***

***Член 26***

1. По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот, домаќинот е должен, во соработка со Комесарот за безбедност и претставници на органот за безбедност - МВР, безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

2. За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и гостинската екипа, клубот-домаќин сноси одговорност согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ.

***Последици од дисциплински мерки***

***Член 27***

1. Суспендиран или казнет клуб со забрана на одигрување на натпревари на свој терен, натпреварите ќе ги игра на оддалеченост од 100 (сто) километри, на терен одобрен за играње од страна на надлежно тело, согласно одредбите на овие Пропозиции и на Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ.
2. Гостинскиот клуб има право на надомест за направените дополнителни трошоци (само за направената разлика за превозот), со доставување доказен материјал до надлежниот орган за натпреварување, кој со одлука ќе го задолжи клубот-домаќин за надоместување на направените трошоци.

***Натпревари без публика***

***Член 28***

1. На натпревар кој се одигрува без публика, поради изречена дисциплинска мерка (одигрување на натпревар без присуство на гледачи), дозволено е присуство на по 10 (десет) лица – функционери на двата клуба (домаќин и гостин) со список, снимателите на натпреварот и новинарите.
2. Присуство на редари на овие натпревари не е дозволено.
3. Доколку присуството на публика не е дозволено или е ограничено со Протокол од член 6а на овие Пропозиции, на натпреварот може да присуствуваат само лица утврдени со Протоколот.

***Преигрување натпревар***

***Член 29***

1. Во случај надлежен орган да донесе одлука за преигрување на натпревар, изречените опомени и црвени картони не се бришат.

***Суспензија поради неплатени казни***

***Член 29а***

1. Неисполнување на обврската за навремена уплата на автоматските парични казни повлекува изрекување на суспензија за клубот, која трае до исполнување на обврската. Клубот под суспензија ги губи натпреварите со службен резултат; доколку двата клуба се под суспензија, бодовите не се доделуваат.

## ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

***Регистрација на натпревари***

***Член 30***

1. Сите натпревари во прв степен ги регистрира Комисијата за натпревари на ФФМ, како орган кој го води натпреварувањето.

2. Еднаш регистриран натпревар, истиот орган нема право повторно да го регистрира.
3. Исклучок од правилото од став (2) на овој член е постапување на првостепениот орган во жалбена постапка.

***Табела***

***Член 31***

1. Комисијата за натпревари на ФФМ го утврдува пласманот на табелата по бод-систем.
2. Екипа која ќе победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.
3. Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови.
4. Комисијата за натпревари по секое коло изготвува табела на натпреварувањето која содржи:
   - број на екипи
   - број на одиграни натпревари
   - број на победени натпревари
   - број на нерешени натпревари
   - број на изгубени натпревари
   - број на дадени голови
   - број на примени голови
   - број на освоени бодови.
5. Табелата се објавува во Билтен на Комисијата и се доставува до клубовите по електронска пошта.
6. На крајот на натпреварувачката година Комисијата утврдува конечна табела и истата ја објавува во службениот лист на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

***Прекин на првенство***

***Член 31а***

1. Доколку последиците од Ковид, друг предизвикувач на пандемија/епидемија или друга виша сила наметнат прекин на натпреварувањето, а притоа не се одиграни 50% од натпреварите, односно 50% од вкупниот број на кола по распоред, првенството 2026/2027 се поништува, а клубовите учествуваат во УЕФА натпреварувањата согласно правилата и критериумите на УЕФА.
2. Доколку последиците од Ковид, друг предизвикувач на пандемија/епидемија или друга виша сила наметнат прекин на натпреварувањето, а притоа се одиграни најмалку 75% од натпреварите, односно вкупниот број на кола по распоред, првенството 2026/2027 ќе се смета за завршено; прворангираната екипа се смета за првак, екипите испаѓаат согласно овие пропозиции и обезбедуваат пласман во УЕФА натпреварувањата согласно критериумите на УЕФА.

3. Доколку последиците од Ковид, друг предизвикувач на пандемија/епидемија или друга виша сила наметнат прекин на натпреварувањето, а притоа се одиграни повеќе од 50%, а помалку од 75% од натпреварите, Комисијата за натпревари ја „замрзнува“ табелата заклучно со последното одиграно коло пред прекинот. Екипите не испаѓаат, а обезбедуваат пласман во УЕФА натпреварувањата согласно критериумите на УЕФА.
4. За оние екипи кои имаат ист број на бодови, а испаѓаат, можат да се стекнат со право да учествуваат во УЕФА натпреварувањата или влегуваат во бараж. Исклучокот од член 107 од Правилникот за натпреварувања се применува само доколку во моментот на прекин засегнатите екипи ги имаат одиграно сите меѓусебни средби предвидени со Календарот и распоредот на натпреварување.

***Надлежности на Комисијата за натпревари***

***Член 32***

1. Надлежности на Комисијата за натпревари на ФФМ се следните:
   - раководи со натпреварувањето во согласност со Правилникот за натпреварување на ФФМ, овие пропозиции, како и други акти на ФФМ;
   - ги спроведува одлуките на Управниот одбор на ФФМ;
   - го утврдува календарот за натпреварување;
   - го утврдува распоредот на натпреварите;
   - ги регистрира натпреварите и одлучува по сите приговори и жалби на одиграните натпревари во прв степен;
   - одлучува за оправданост и исполнетост на условите за преигрување на натпревар;
   - води евиденција на опоменати и исклучени фудбалери;
   - поднесува пријави за покренување дисциплински постапки за прекршоци кои се поврзани или произлегуваат од самото натпреварување;
   - во случај на утврдена штета, согласно член 6 и 9 од овие пропозиции, го задолжува клубот-домаќин да ја надомести направената штета, во спротивно, поднесува дисциплинска пријава за непочитување на одлуката;
   - се грижи за регуларност на натпреварувањето, доставува предлози, носи одлуки и препораки;
   - одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар;
   - одлучува по барања за одложување на натпревари;
   - одлучува кој клуб добива предност за користење на терен во случај на поклопување на термини при пријавен ист главен, односно алтернативен терен доколку нема постигнат договор помеѓу клубовите;
   - може да изрече суспензија на терен во случаи предвидени со Правилникот за натпреварување и Дисциплинскиот правилник на ФФМ;

- може да изрече суспензија на терен по предлог на Телото за инфраструктура;
- го прати и анализира системот на натпреварување и предлага негови измени и дополнувања;
- ги одредува делегатите на натпреварите, ја прати и анализира нивната работа;
- извршува и други работи по препорака на УО на ФФМ и
- изрекува автоматски казни.

**АВТОМАТСКИ КАЗНИ**

***Казни за снимање/пренос***

***Член 33***

1. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот-домаќин во висина од 1.000 (илјада) евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку не му дозволи на снимателот на гостинската екипа да го снима натпреварот.
2. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот-домаќин во висина од 10.000 (десет илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку не и дозволи на екипата овластена од ФФМ да го пренесува/снима натпреварот.

***Нарушување на играта од публика***

***Член 34***

1. Доколку во текот на натпреварот од страна на неовластени лица се уфрлуваат топки на теренот, односно се попречува играта на друг начин (со користење ласери, пиротехнички средства, симулирање судиска свирка и слично), клубот-домаќин ќе биде казнет со автоматска парична казна во висина од 2.000 (две илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

***Црвен картон – казна клуб***

***Член 35***

1. На клубот чиј фудбалер за време на натпреварот добие црвен картон, освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот согласно одредбите на овие пропозиции и Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за натпревари му изрекува и автоматска парична казна во висина од 200 (двестотини) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. На клубот чие службено лице за време на натпреварот добие црвен картон, освен временската казна која му се изрекува на службеното лице согласно одредбите на овие пропозиции и Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за натпревари му изрекува и автоматска парична казна во висина од 400 (четиристотини) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

***Црвен картон (втор жолт)***

***Член 36***

1. На клубот чиј фудбалер за време на натпреварот добие црвен картон поради втор жолт картон, освен временската казна која му се изрекува на фудбалерот, согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за натпревари му изрекува автоматска парична казна во висина од 100 (сто) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Во случај на исклучување поради втор жолт картон, не се изрекуваат посебни парични казни за жолтите картони добиени на истиот натпревар, туку се изрекува единствено паричната казна предвидена за црвен картон.
3. На клубот чие службено лице за време на натпреварот добие црвен картон поради втор жолт картон, освен временската казна која му се изрекува на службеното лице, согласно одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Комисијата за натпревари му изрекува автоматска парична казна во висина од 200 (двеста) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

***Жолти картони – парични казни***

***Член 37***

1. За секој добиен жолт картон на фудбалерот или на службеното лице, на клубот му се изрекува автоматска парична казна во зависност од бројот на добиените картони, како следи:

| Картон | Фудбалер | Службено лице |
|---|---|---|
| Прв жолт | 20 Евра | 40 Евра |
| Втор жолт | 40 Евра | 80 Евра |
| Трет жолт | 60 Евра | 120 Евра |
| Четврт жолт | 80 Евра | 160 Евра |
| Петти жолт | / | / |

2. Автоматските парични казни утврдени во став (1), се изразени во Евра а се исплаќаат во денарска противвредност на денот на уплатата.

***Суспензија по жолти картони***

***Член 38***

1. Фудбалерот или службеното лице на клубот кое добило 5 (пет) жолти картони, ќе ја издржи автоматската казна - забрана на играње/вршење на функција од 1 (еден) натпревар во следното коло.

***Казни за состав и тренер***

***Член 39***

1. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 2000 (две илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот кој:

- не го внел на записник минималниот број од 11 (единаесет) фудбалери, предвиден со Правилникот за натпревари;

- нема назначено шеф на стручен штаб кој ќе ја води екипата на натпреварот (исклучок претставува периодот од 15 (петнаесет) дена во кој клубот го назначил помошниот тренер да ја води екипата).

***Санкции за службени лица***

***Член 40***

1. Службеното лице на клубот кое црвениот картон го добил директно или поради покажан втор жолт картон на натпреварот, го напушта натпреварот и нема право да ја врши функцијата на наредниот првенствен натпревар. За посериозен или прекршок кој се повторува повеќе пати за време на натпреварот, против службеното лице се покренува дисциплинска постапка.
2. Во случаи кога службено лице е докторот/физиотерапевтот на екипата, а екипата нема друг доктор/физиотерапевт, истиот останува во боксот до крајот на натпреварот, а екипата добива автоматска казна од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност.
3. Кога судијата не може да утврди кое службено лице го направило прекршокот, картонот му се доделува на шефот на стручниот штаб.

***Казни за организациски пропусти***

***Член 41***

1. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку:
   - не обезбеди најмалку 4 (четири) лица со медицински носила;
   - не обезбеди деца за враќање топки во игра;
   - комесарот за безбедност или негов заменик не присуствува на натпреварот;
   - најавата и известувањето не се во согласност со член 9, став 1, аленеја 5;
   - не обезбеди 8 (осум) топки за одигрување на натпреварот (официјалната топка на ФФМ), согласно член 8 и 9 од овие Пропозиции;
   - не обезбеди 8 (осум) портокалови топки за одигрување на натпреварот во зимски услови;
   - не изврши соодветно обележување на теренот за игра во зимски или отежнати услови;
   - доколку не ги обележи јасно и еднолично фоторепортерите, новинарите и редарите (обезбедување);
   - не обезбеди носење ознаки за претставникот, стручниот штаб и економите на начин утврден во одредбите од член 17 на овие пропозиции;
   - не му обезбеди на контролорот на натпреварот место за седење на трибина.
2. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 1000 (илјада) евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку:
   - не е осигурана публиката;
   - не обезбеди КОМЕТ администратор;

- доколку комесарот за безбедност самиот учествува во инцидент или го поттикнува истиот;
- не ги внесе лекарските прегледи на фудбалерите во КОМЕТ согласно одредбите на овиепропозиции;
- не обезбеди формулари за рачно подготвување на записник;
- не го внесе составот на екипата во КОМЕТ согласно одредбите на овие пропозиции;
- внесе фудбалери во составот на екипата без лекарски преглед (независно дали настапиле или не);
- не обезбеди клупски лекар за екипата за време на натпревар (дома и на гости);
- не обезбеди присуство на возилото за итна медицинска помош најмалку 60 (шеесет) минути пред закажаниот почеток на натпреварот;
- не обезбеди 2 (две) табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време;
- не создаде услови за вршење на пренос на натпреварот согласно член 24 од овие пропозиции;
- не обезбеди тоалети за публика;
- не се придржува кон правилата за опрема наведени во член 21, 21а и 21б.

3. Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 5000 (пет илјади) евра во денарска противвредност на денот на уплатата, доколку:
   - не го истакне државното знаме на видно и достоинствено место на стадионот или фудбалскиот терен, согласно овие пропозиции;
   - не обезбеди официјалните најави и известувања преку разгласот на стадионот или фудбалскиот терен, на македонски јазик, согласно овие пропозиции.
4. За повторување на делото од страна на ист клуб, следува автоматска казна од 15.000 (петнаесет илјади) евра.

***Казни за непочитување протокол***

***Член 41а***

1. За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот од член 6а, Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 200 (двеста) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

***Казни за соблекувални***

***Член 41б***

1. За неисполнувањето на обврските на клубовите кои произлегуваат од примена на Протоколот од член 6а, а се однесуваат на користење на соблекувални, Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна на клубот во висина од 500 (петстотини) евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**ПОСТАПКА ПО ЖАЛБА**

***Поднесување жалба***

***Член 42***

1. По завршување на натпреварот, незадоволната страна преку својот претставник може да најави жалба. Жалбата се најавува кај делегатот на натпреварот, со телеграма или преку електронска пошта, во рок од 24 (дваесет и четири) часа од одигрувањето на натпреварот, согласно одредбите на Правилникот за натпревари.
2. Сите најавени жалби, во 2 (два) примерока со образложение, мора да се доставaт до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во рок од 72 (седумдесет и два) часа од денот на одигрување на натпреварот.
3. Заинтересиран клуб има право во рок од 48 (четириесет и осум) часа по одигрувањето на натпреварот да достави жалба со образложение до надлежниот орган за натпреварување со уредно уплатена пропишана такса во 2 (два) примерока.
4. Жалбата уредно заведена, со печат и потпишана од овластено лице, се доставува по пошта или по електронски пат до архивата на ФФМ на адреса: arhivazalbi@ffm.com.mk. Жалителот има обврска да ја достави жалбата и во оригинал.
5. Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација, која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна, а ќе се смета за е-маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава за конкретниот предмет.
6. Жалбите доставени надвор од предвидениот рок, како и жалбите за кои не е уплатена предвидената такса, не се земаат во постапка.
7. Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот, доколку се испратени до 12 (дванаесет) часот. Во спротивно, ќе се смета дека се примени наредниот ден. Електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот работен ден, односно во понеделник.
8. По жалбата во прв степен, органот за натпреварување мора да донесе одлука во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на жалбата.
9. Еден примерок од жалбата, органот за натпреварување мора да достави до обжалената страна, која по жалбата треба да се произнесе веднаш, а најдоцна во рок од 24 (дваесет и четири) часа од приемот.
10. Донесената одлука органот за натпреварување ја објавува во службениот лист "Макфудбал" и ја доставува до засегнатите страни.

***Итна постапка***

***Член 43***

1. Во последните 3 (три) кола од првенството или во случај кога по распоредот се игра вонредно/одложено коло, роковите за одлучување по жалби се скратуваат од 8 (осум) на 3 (три) дена.

2. Поради итност во постапувањето, органот на натпреварување може да утврди и пократки рокови за поднесување и одлучување.

***Молчење на администрацијата***

***Член 44***

1. Доколку првостепениот орган не се произнесе по наводите на жалбата во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на жалбата, се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

***Второстепена постапка***

***Член 45***

1. Незадоволната страна од донесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од приемот на одлуката донесена од првостепениот орган, со уплата на пропишана такса.
2. Незадоволната страна од недонесената првостепена одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена по истекот на рокот предвиден во член 44 од овие пропозиции, со уредно уплатена пропишана такса.
3. Жалителот во жалбата има обврска да наведе е-маил адреса за комуникација, која може да биде официјалната е-маил адреса на клубот или различна, а ќе се смета за маил адреса за комуникација и воспоставен начин на достава.
4. Писмената и одлуките поврзани со жалбата се смета дека се примени на денот на испраќањето на е-маилот, доколку се испратени до 12 (дванаесет) часот. Во спротивно, ќе се смета дека се примени наредниот ден. Електронска пошта испратена на државен празник, во сабота и недела ќе се смета дека е примена наредниот работен ден, односно во понеделник.
5. Комисијата за жалби одлуката мора да ја донесе во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на жалбата упатена на одлучување во втор степен.
6. Одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ е конечна.
7. Второстепената одлука мора да се објави во службениот лист на ФФМ "Макфудбал" и да се достави до засегнатите страни.

***Недонесување одлука во втор степен***

***Член 46***

1. Доколку во рок од 8 (осум) дена од денот на доставувањето на второстепената жалба Комисијата за жалби на ФФМ не одлучи, ќе се смета дека жалбата е одбиена како неоснована.

## КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО, ВЛЕЗ И ИСПАЃАЊЕ ОД ЛИГАТА

***Критериуми за учество***

***Член 47***

1. Со право да учествува во натпреварување во Првата фудбалска лига се стекнува фудбалски клуб кој, покрај спортските критериуми, ги исполнува и критериумите утврдени во Правилникот за лиценцирање на клубови.

***Котизација***

***Член 48***

1. Клубовите учесници во Првата фудбалска лига за натпреварувачката 2026/27 година задолжително плаќаат котизација за службени лица во висина од 12.000 (дванаесет илјади) евра, во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Клубовите кои склучиле Договор со ФФМ во врска со отстапување на права за пренос на натпреварите од Прва МФЛ за натпреварувачката 2026/2027, немаат обврска за уплата на пропишаната котизација за службени лица од став (1) на овој член.

***Последици од лиценцирање***

***Член 49***

1. Неисполнувањето на условите за лиценцирање, во периодот по направениот ждреб или по отпочнување на првенството, наведени во решенијата за добивање на лиценца за учество во Прва МФЛ, доведува до намалување на бројот на учесници во Прва МФЛ.

***Испаѓање и влез во сезона***

***Член 50***

1. Деветто и десетто рангираните/пласираните екипи од конечната табела/или табелата по член 31а во Прва МФЛ во натпреварувачката 2026/2027 година, директно испаѓаат во Втора МФЛ и во натпреварувачката 2027/2028 година, се стекнуваат со право да земат учество во единствената Втора МФЛ.
2. Прво и второ рангираните/пласираните екипа на конечната табела/или табелата по член 31а во единствената Втора МФЛ во натпреварувачката 2026/2027 година директно ја пополнуваат Прва МФЛ во наредната натпреварувачка 2027/2028 година.
3. За опстанок во Прва МФЛ, осмо рангираната/пласираната екипа на табелата во Прва МФЛ во натпреварувачката 2026/2027 година, на неутрален терен игра 1 (еден) бараж натпревар со трето рангираната/пласираната екипа во единствената Втора МФЛ во натпреварувачка 2026/2027 година.
4. Доколку по истекот на регуларните 90 (деведесет) минути нема победник на бараж-натпреварот, директно се пристапува кон изведување удари од точката за казнен удар (пенали), согласно Правилата на фудбалската игра.

***Пополнување на лигата***

***Член 51***

1. Ако бројот на екипите кои се откажале или се исклучени е поголем од бројот на екипите кои по автоматизам, како најслабо пласирани/рангирани, ја напуштаат првата македонска фудбалска лига (деветто и десето пласираната екипа), редоследно во Прва МФЛ влегуваат:
   - за едно место, влегува трето пласираната екипа од Втора МФЛ во сезона 26/27, и баражот од член 50 став 3 нема да се одигра, а осмопласираната во Прва МФЛ во сезона 26/27 останува во Прва МФЛ во сезона 27/28 екипата елиминирани во бараж натпреварот од член 50 став 3.

- за две и повеќе места, подобро рангираната екипа од наредно пласираните/рангирани екипи на конечната табела или табелата согласно член 31а на единствената Втора МФЛ од сезона 26/27, под услов клубот да ги исполнува условите за лиценцирање.

2. Доколку се исцрпени сите услови за пополнување на Прва МФЛ согласно став (1) на овој член и нема можност за пополнување на Прва МФЛ, натпреварувањето во натпреварувачка сезона 2027/2028 ќе се одвива со помал број клубови.

***Пехар***

***Член 52***

1. Победникот на натпреварувањето освојува пехар и на победничката екипа (фудбалерите и службените лица) им се доделуваат 50 (педесет) медали, кои се доделуваат по завршување на првенството.

***УЕФА натпреварувања***

***Член 53***

1. Првопласираниот/прворангираниот на конечната табела или табелите согласно член 31а се стекнува со право да учествува во Лигата на шампиони на УЕФА, согласно правилата на УЕФА.
2. Второплас ираната/второрангираната екипа на конечната табела или табелите согласно член 31а се стекнува со право да учествува во Конференциска лига на УЕФА, во организација на УЕФА, согласно правилата на УЕФА.
3. Третопласираната/втреторангираната екипа на конечната табела или табелите согласно член 31а се стекнува со право да учествува во Конференциска лига на УЕФА, во организација на УЕФА, согласно правилата на УЕФА.
4. Победникот на Купот се стекнува со право да учествува во Конференциска лига на УЕФА, во организација на УЕФА согласно правилата на УЕФА. Ако победникот на Купот зазема едно од првите три места во лигата, тогаш право да учествува во Конференциска лига на УЕФА добива екипата пласирана на четврто место.
5. Доколку, согласно рангирањето на УЕФА, се обезбеди право на учество на дополнителна/и екипа/и од Прва МФЛ од сезона 2026/2027, со правото се стекнува наредно пласираната екипа.

***Супер куп***

***Член 54***

1. По завршување на првенството, првопласираниот на конечната табела се стекнува со право за учество, заедно со победникот од финалниот КУП натпревар на ФФМ, во натпревар за освојување на СУПЕР купот на ФФМ.
2. Управниот одбор одлучува дали ќе се организира СУПЕР куп натпревар.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

***Супсидијарна примена и специјални одредби***

***Член 55***

1. За се што не е предвидено со овие пропозиции, се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија, како и другите применливи прописи, одлуки и акти на ФФМ.
2. Управниот одбор може да донесе одлука за промена на називот на лигата во зависност од комерцијалните придобивки за натпреварувањето.
3. Одредбите од член 15 од овие пропозиции, кои се однесуваат на делегирање ВАР и АВАР судии и користење на ВАР технологијата во натпреварувањето, стапуваат на сила по донесување на одлука на Управниот одбор на ФФМ за отпочнување со користење на ВАР технологијата во Прва МФЛ и добивање одобрение од ФИФА.
4. Програмата на ФИФА за имплементација, поддршка и одобрување (FIFA Implementation, assistance and approval program (IAAP)) претставува составен дел од овие пропозиции.

***Стапување во сила***

***Член 56***

1. Овие Пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување.

***Толкување на пропозициите***

***Член 57***

1. Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.